

МОЗАИКОТ ВО СТОПАНСКАТА БАНКА — СКОПЈЕ

СРЕДБИ

# МОЈА ПРЕОКУПАЦИЈА Е НАШАТА СТАРА АРХИТЕКТУРА

Едно студено снежно декемвриско претпладне бевме гости во ателјето на академскиот сликар Ана Темкова. Име кое веќе од поодамна им е познато на љубителите на ликовната уметност.

Пријатно ателје кое носи обележје на македонски национален стил. Се е мошне пријатно и зрачи со ведрина, онака каква што е и домаќинката.

„Сликарскиот опус на Ана Темкова, создаван во изминатите дванаесет години, зазема значително место во ризницата на современата македонска ликовна уметност", —тоа се зборови најчесто искажувани на изложбите на Ана Темкова. Како нејзини гости со Ана позборувавме за нејзиното уметничко творештво.

— Ана, вие на љубителите на ликовната уметност им сте познати преку вашите многубројни самостојни изложби. Кажете ни нешто за тоа како ги создавате вашите дела?

— Најмногу сум окупирана од нашата стара архитектура, потоа суво цвеќе поставено во мртва природа, накит, портрети и друго. Тоа не е лесна работа. Каде и да сум секогаш мислам на мојата работа и постојано скицирам. А еден ден скиците ги пренесувам на платно. И така слика по слика, некако мошне спонтано, се создава речиси тематска изложба. Ете, така некако ги создавам моите изложби. Засега имам приредено девет самостојни изложби и тоа во Скопје, Охрид, Белград, Нови Сад, Сомбор. Потоа имам учествувано на странски групни изложби, каде го претставував југословенското и македонското сликарство. Сум учествувала на изложби во Турција, Либан, Иран, Франција, Куба, Панама, Италија, Романија и во други земји.

— Од поново време сте преокупирани и со мозаика?

— Нема да кажам дека тоа е од поново време. Јас специјализирав мозаика во Равена, во Италија, уште во 1969 година. И имам веќе изработено доста фрески на пример: во црквата Свети Спас, во Скопје, потоа нешто во Стопанската банка. Едно од моите поголеми монументални дела е ова најновото, што го изработив во холот на новата Стопанска банка во Скопје, за кое ја добив наградата „11 Октомври". Тоа беше мозаик по порачка на тема „Монетите во Македонија низ векови". Тема мошне привлечна за мене. Мозаикот како композиција ги содржеше сите мотиви што јас ги сликав и досега —фигури, накит, носии, фасади од старата македонска архитектура и друго. Сето тоа беше решавачко првпат да се решам да работам монументална композиција. Мозаикот е изработен од венецијански и прилепски камен, на 14 квадратни метри. Ова е навистина помакотрпна работа од сликарството и бара повеќе време. Но не се плашев. На оваа композиција работев 12 месеци. Сама ги изведував и грубите работи, како леење на бетон и друго.

Наградата дојде како потврдна на мојот прв обид за ваква монументална композиција. За мене таа претставуваше нешто големо и нешто што обврзува за уште поголеми постигнувања.

— Вие се вбројувате меѓу нашите први жени слободни уметници. Велат дека тоа определување е малку несигурно?

— Во таа констатација има доста вистина. Понекогаш има доста работа а понекогаш нема. Неодамна е решено пензиското и социјалното осигурување, така што сега нашата положба е мошне подобра.

Да бидам искрена, како уметник можам да се искажам само вака ако сум без други обврски и преокупации. За уметникот времето е мошне значајна работа. Резултатите се многу подобри кога на композицијата се работи континуирано. Ако сликањето треба да го делам со некоја друга работа мислам дека не ќе можам толку да создавам и да се искажам како што тоа го правам сега. Сметам дека правиот пат за работа на еден сликар е да биде слободен уметник.

— Слушнав дека неодамна сте се вратиле од Италија?

— Да, неодамна се вратив од студиско патување во Италија. Бев во Рим. Тоа не беше мое прво среќавање со Рим, но морам да кажам дека овој пат имав можност за многу нови контакти со значајни имиња во италијанската ликовна уметност. Можев да видам дела на многу стари мајстори, што дотогаш ги немав откриено. Посетив многу музеи на современото сликарство и друго.

— Кои ви се сегашните преокупации?

— Слободниот уметник никогаш не мирува. Почнав да работам на слики за кои скиците ги имам подготвено уште порано. Тоа ќе бидат дела што ќе ја презентираат на гледачот старата македонска рхитектура. Тоа беше моја долгогодишна желба и еве сега се оживотворува. Се надевам дека во текот на годинава на љубителите на ликовната уметност ќе им се претставам со уште една моја самостојна изложба.



АНА ТЕМКОВА

— Ваши слики се наоѓаат во домовите на мнозина љубители на ликовната уметност.

— Како слободен уметник работам портрети и слики по порачка, а продавам и од моите слики, иако од нив потешко се одделувам. Меѓутоа, што мои слики се наоѓаат во домовите на оние што ја сакаат ликовната уметност, мене ми причинува задоволство.

Се разделивме од Ана Темкова посакувајќи и успех во нејзината идна работа, со желба наскоро да се сретнеме за нејзината самостојна изложба, за која Ана сега се подготвува.

Д. Маческа